NLB Banka

Точка на дневен ред: **11**
Предлагач: **Надзорен одбор**

## Материјал за  Годишно собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје

## Одлука за употреба и распоредување на остварената добивка по годишна сметка на НЛБ Банка АД Скопје за 2016 година

Надзорниот одбор на НЛБ Банка, му предлага на Собранието на акционери на НЛБ Банка АД Скопје, да ја усвои следната:

**Одлука за употреба и распоредување на остварената добивка по годишна сметка на НЛБ Банка АД Скопје за 2016 година**

Во прилог:
– Предлог – Одлука за употреба и распоредување на остварената добивка по годишна сметка на НЛБ Банка АД Скопје за 2016 година.

Скопје, мај 2017 година

## Годишно собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје

## Предлог - Одлука за употреба и распоредување на остварената добивка по годишната сметка на НЛБ Банка АД Скопје за 2016 година

Врз основа на член 39, став 1 од Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, Собранието на НЛБ Банка АД Скопје на својата седница одржана на ден 11.05.2017 година, ја донесе следната

### Одлука за употреба и распоредување на остварената добивка по годишната сметка на НЛБ Банка АД Скопје за 2016 година

1. Добивката по оданочување по годишната сметка на НЛБ Банка АД Скопје за 2016 година во износ од 1.579.295.033,00 МКД се распоредува како што следи:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | За исплата на дивиденда | 849.790.695,00 МКД |
| 2. | За задржана добивка за инвестициски вложувања | 241.000.000,00 МКД |
| 3. | За општ резервен фонд | 488.504.338,00 МКД |

2. Последен ден на тргување со право на дивиденда за 2016 година е 19.05.2017 година. Прв ден на тргување без право на дивиденда за 2016 година е 22.05.2017 година.
   Датумот на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право на делот од добивката наменет за дивиденда за 2016 година е 25.05.2017 година, потврдено со Изводот на акционерската книга на ЦДХВ.

3. Износот на бруто дивидендата по акција изнесува 995,00 МКД.

4. Исплатата на дивидендата ќе отпочне 30-от ден од одржувањето на Собранието на НЛБ Банка АД Скопје.

5. Акционерите кои имаат право на дивиденда, ќе бидат известени за оваа Одлука со соопштение во еден од дневните весници што излегуваат на територијата на Република Македонија.

6. Добивката која се распоредува во задржана добивка за инвестициски вложувања служи за развојни цели односно вложувања во материјални и нематеријални средства за проширување на дејноста и истата не е расположива за исплата на дивиденда на акционерите во иднина (ограничена за распределба на акционерите).

7. Одлуката стапува на сила на денот на донесување.

Во Скопје, 11.05.2017 година

Одлуката да се достави до:
Кабинет на Управен одбор
Служба за деловно планирање и анализа

Претседавач
на Годишно собрание на акционери
NLB Банка АД Скопје

## Образложение

Согласно ревидираните финансиски извештаи на Банката за 2016 година, Банката оствари нето добивка од 1.579.295.033,00 МКД. Согласно член 483 од Законот за трговските друштва, Надзорниот одбор на Собранието на акционери му предлага распределба на нето добивката за 2016.

Распределбата на добивката за 2016 година се предлага на следниот начин:

1. Дел од добивката во износ од 849.790.695,00 МКД да се распореди за исплата на дивиденда за акционерите на Банката. Бруто дивидендата по акција изнесува 995,00 МКД.

2. Дел од добивката во износ од 241.000.000,00 МКД да се распореди во задржана добивка за инвестициско вложување кое ќе служи за развојни цели односно вложувања во материјални и нематеријални средства за проширување на дејноста. Со издвојувањето на дел од добивката во задржана добивка за инвестициско вложување се користи даночно ослободување пропишано во член 28 со Законот за данок на добивка објавен во Сл. весник бр. 112 од 25 јули 2014 година. Тоа значи дека со изготвувањето на даночниот биланс за деловната 2017 година се користи правото на намалување на даночната основа за износот на инвестициското вложување и утврдување на помал данок од добивка.

3. Дел од добивката во износ од 488.504.338,00 МКД да се распореди во општ резервен фонд. Распределбата се врши со цел зајакнување на капиталната база на Банката, а во функција на исполнување на новите барања за дополнителен редовен основен капитал кои настанаа со измена на регулативата на НБРМ којашто ја регулира областа на адекватноста на капиталот и воведувањето на Басел 3 во Република Македонија во 2017 година. Во моментот на подготвување на Одлуката за распределба, НБРМ ги нема објавено дополнителните упатства за начините на пресметка на барањата за заштитните слоеви на капиталот, коишто се покриваат од редовниот основен капитал; списокот на банки кои ќе добијат третман на системски значајни банки; подгрупата во која банките припаѓаат и соодветниот % на дополнително капитално барање за истото; како и % на останатите дополнителни капитални барања според Басел 3 (% за системски ризик, % за противцикличен капитал и сл.). Оттука, произлегува дека се очекува понатамошно зголемување на барањата за редовен основен капитал, кое банките ќе може да го надоместат или преку вклучување на добивката за тековната година во редовен основен капитал, но по претходна согласност од НБРМ за која е потребно да се исполнат дефинирани критериуми, или со докапитализација.